РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАДОВИШ
Бр. 09-310/2
14.02.2022 год
Радовиш

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОНЧЕ
Бр. 09-260/1
14.02.2022 год.
КОНЧЕ

# ОГЛАС

## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ВОЗНИ РЕДОВИ ЗА МЕЃУОПШТИНСКИ ЛИНИИ ПОМЕЃУ ОПШТИНА КОНЧЕ И ОПШТИНА РАДОВИШ

Општина Конче и општина Радовиш, согласно член 23 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр.68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/2014, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18, 163/18 и 275/19) и согласно Спогодбата за заедничко организирање на линискиот превоз на патници помеѓу општина Конче бр.03-582/1од 26.05.2015г. 03-582/2 од 05.08.2015г.; 03-2/1 од 03.01.2022год. и бр.03-1070/3 од 27.05.2015г.; 03-1070/4 од 05.08.2015г.; 03-1602/3 од 31.12.2021год. општина Радовиш, објавуваат Оглас за одобрување на возни редови за меѓуопштински линии помеѓу: општина Конче и општина Радовиш за следните возни редови:

| Број на линија | | Време на поаѓање | Време на враќање |
|---|---|---|---|
| 1.Лубница-Конче-Радовиш и обратно | Пакет 1: | 06:00<br>15:00 | 07:00<br>16:30 |
| | Пакет 2: | 08:00<br>17:30 | 11:00<br>19:30 |
| | Пакет 3: | 12:30 | 13:30 |
| 2.Горни Липовиќ-Долни Липовиќ-Радовиш и обратно | | | |
| | Пакет 1: | 06:00<br>14:15<br>17:30 | 07:00<br>16:30<br>19:30 |
| | Пакет 2: | 08:00<br>11:45 | 10:30<br>13:30 |
| 3.Ракитец-Радовиш и обратно | Пакет 1: | 06:00<br>08:00<br>12:30<br>14:00<br>17:30 | 07:15<br>11:00<br>13:30<br>15:00<br>19:30 |
| 4.Габревци-Радовиш и обратно | Пакет 1: | 06:30<br>08:00<br>12:30<br>15:00 | 07:30<br>10:00<br>13:30<br>19:30 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5.Дедино-Радовиш и обратно | Пакет 1: | 06:40 | 07:10 |
| | | 08:00 | 10:30 |
| | | 12:40 | 13:30 |
| | | 15:00 | 19:30 |

**1.Услови кои треба да ги исполнуваат превозниците за добивање на дозволи за вршење на линиски превоз на патници:**

1.1 Да е впишан во Централниот регистар на Република Македонија и да има приоритетна дејност/главна приходна шифра: 49.39 или 49.31,

1.2 Да поседува лиценца за вршење на општински превоз на патници во внатрешниот патен сообраќај издадена од општина Конче или општина Радовиш како и изводи од лиценцата за сите возила кои што ги поседува,

1.3 Да е сопственик на минимум две или повеќе возила регистрирани на името на фирмата кои што ќе ги исполнуваат следниве услови:

- Капацитет на седиште: најмалку две возила со капацитет од најмалку 18+1 седишта по возило;
- Да ги исполнуваат посебно техничко-експлоатационите услови пропишани за возила за вршење на одделни видови на превоз.

1.4 Управителот или овластеното лице одговорно за превозот да има сертификат за професионална компетентност издаден од Министерството за транспорт и врски.

1.5 Да има вработено во редовен работен однос возачи (минимум еден возач по возило) што ги исполнуваат условите пропишани со прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата.

1.6 Да има добар углед односно против управителот на фирмата и против правното лице да не е изречена правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството или безбедноста во сообраќајот, изречена прекршочна мерка за безбедноста- забрана за вршење професија, дејност или должност.

**2. Критериуми за доделување на распределба на линии наведени во Јавниот оглас:**

**- Возните редови ќе им бидат доделени на оние правни субјекти учесници на јавниот оглас кои што до денот на објавување на јавниот повик во целост ги исполниле сите услови од јавниот оглас за конкретните линии;**

**- Еден превозник може да добие еден пакет на линии, доколку конкурира за повеќе пакети на линии да определи кој е од прв приориет за одобрување на возен ред;**

**- Доколку се утврдат повеќе превозници кои конкурираат за исти линии и ги исполнуваат условите од огласот, предност ќе има превозникот кој прв поднесол барање за одобрување на возен ред за нов пакет на линии.**

**3. Содржина и рок на доставување на понуда за добивање на дозвола за линиски превоз:**

**Понудата за добивање на дозвола треба да содржи:**

- полн назив, седиште и адреса на превозникот,
- матичен број и даночен број на превозникот,
- кон барањето превозникот ги приложува следните документи како доказ за исполнување на условите од овој јавен оглас за одобрување на возен ред и тоа:

- тековна состојба од Централен регистар во оригинал не постара од 3 месеци,
- копија од лиценца за општински линиски превоз како и изводи од лиценца за секое возило, издадени од општина Конче или општина Радовиш,
- број на возила со кои располага превозникот, копија од сообраќајните дозволи на возилата и потврди за техничко-експлоатациони услови за секое возило,
- број на вработени возачи во редовен работен однос во зависност од бројот на возилата со кои ќе го врши превозот, минимум еден возач по возило (фотокопија од обрасците М1/М2 и потврда од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за платени придонеси не постара од три месеци),
- фотокопии од возачки дозволи со минимум возачко искуство од 2 години и лекарско уверение за возач – за најмалку еден возач по возило.
- предлог за кои линии се однесува барањето,
- Цената на возниот билет да биде во висина на најповолна цена за одржување на линијата од страна на превозникот.

Барањето треба да биде потпишано и заверено од законскиот застапник на превозникот.

Оние превозници кои немаат лиценца за вршење општински линиски превоз на патници освен погоре наведените кон пријавата треба да ги достават и следните документи:

- Тековна состојба на правното лице од единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица издаден од централен регистар на Република Македонија со приоритетна дејност вршење на превоз на патници и стока во патниот сообраќај (во оригинал, не постар од 6 месеци);
- Копии од сообраќајните дозволи регистрирани на име на правното лице со капацитет од најмалку 18+1 седиште или договорот за лизинг склучен со овластен дистрибутер, заверен на нотар;
- Список на вработени по обврзник од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување – не постаро од 60 дена;
- Копија од сертификатот за професионална компетентност за управителот на правното лице;
- Копија од Потврда од надлежен суд дека не е во сила правосилна пресуда за кривично дело против имотот, стопанството и од областа на безбедноста во јавниот сообраќај со казна затвор од една до десет години за време на извршување на казната (за правното лице и одговорното лице во правното лице);
- Копија од Потврда од надлежен суд дека не е изречена прекршочна мерка на безбедност, забрана за вршење професија, дејност или должност со казна од една до десет години за време на извршување на казната (за правното лице и одговорното лице во правното лице);
- Копии од потврдите за исполнување на посебните техничко експлоатациони услови од станицата за технички преглед на моторни возила за секое возило;
- Копија од уплатница за платена административна такса за вршење на општински линиски превоз во износ од 6000,00 денари на ж-сметка 100000000063095 на уплатна сметка 840-135-03182, на приходна шифра 722315-00, Трезорска сметка, Народна банка на Р.Македонија за општина Конче, и ж-сметка 100000000063095 на уплатна сметка 840-158-03182, на приходна шифра 722315-00,Трезорска сметка, Народна Банка на Р.Македонија за општина Радовиш.

**4.Понудите со пропратна документација, доказите за потребните услови да се доставаат во запечатени пликови до архивата на општина Конче, 2424 Конче.**

Пликот со понудата задолжително треба да има ознака "пријава **по оглас за одобрување на возни редови за меѓуопштински линии помеѓу општина Конче и општина Радовиш**" со назнака **"за комисијата"**.

**5.На документите во копија, на секоја страна треба да има печат од правното лице, потпис на одговорното лице и забелешка ,, верно на оригиналот".**

**6.Огласот трае 8 (осум) дена од денот на објавувањето во информативните средства од 16.02.2022 год. заклучно со 23.02.2022година до 15:00 часот.**

**7.Некомплетираните понуди и понудите доставени по опредлениот рок нема да се разгледуваат.**

Барањата за одобрување возни редови за нови линии или промена на возни редови на одобрени линии ги разгледува Комисија составена од 4 (четири) члена и тоа 2 (два) члена од општина Конче и 2 (два) члена од општина Радовиш.

Комисијата во рок од 15 дена по завршувањето на огласот за својата работа поднесува извештај и предлог на листа на одобрени, односно одбиени барања до Градоначалниците на Општините.

Врз основа на одобрените листи Градоначалникот во зависност од седиштето на регистрираното правно лице, односно адресата на превозникот во рок од 15 дена донесува решенија со кое возниот ред на линијата се одобрува или одбива.

Примерок од решенијата се доставува до превозникот.

Против решението на Градоначалникот од овој член превозникот има право на жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на решението до Министерот за транспорт и врски.

Контакт лица:-Игор Илиев тел.078-259/150, Мара Николова Трајкова тел.076 -487/530

Општина Радовиш
Градоначалник
Ацо Ристов

Општина Конче
Градоначалник
Златко Ристов